Далибор ЈОВАНОВСКИ

# ДВА БРИТАНСКИ ДОКУМЕНТА ЗА ОБИДИТЕ НА ГРЦИЈА ВО ОСУМДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ НА XIX ВЕК ДА ПРИДОБИЕ НЕКОИ ОД ГОЛЕМИТЕ СИЛИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СВОИТЕ АСПИРАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Грција со добивањето на Тесалија во 1881 година доби заедничка граница со Македонија, која беше една од најбогатите, по ресурси, османлиски области, а кон која Атина имаше претензии за територијално проширување. Со тоа Грција доби можност за позасилена економска пенетрација, како и за политичка и културна пропаганда во Македонија, помогната од Цариградската патријаршија, иако и во претходниот период, особено за време на големата источна криза, владата во Атина покажа голем интерес, пред сè на полето на пропагандната активност во и околу Македонија. Треба да се има предвид дека во овој период Крит имаше поголем приоритет во активностите на атинската влада, каде што реално и шансите за успех беа поголеми, зашто народносниот состав на населението повеќе одговараше на грчките аспирации, а немаше ниту интереси на другите балкански земји. Тоа секако не значеше дека Грција ќе ја остави понастрана Македонија во својата активност, посебно на надворешнополитички план.

Кога говориме за Македонија и за грчките планови и аспирации во однос на неа, треба да имаме предвид дека Грција не можеше самостојно да ги оствари своите аспирации заради повеќе причини. Пред сè во можниот судир со османлиската држава, Грција не можеше ефективно да се пресмета со османлиската армија. Без воен судир, Портата на грчките активности можеше во секое време да одговори со силни економски противмерки, кои би ги погодиле не само интересите на грчката држава, туку и оние на османлиските Грци, што секако Атина го имаше на ум. Покрај грчките аспирации кон Македонија, постоеја и аспирациите на Србија и Бугарија, но во тие моменти немаше услови за поблиска соработка помеѓу трите држави во однос на некоја заедничка акција во Македонија. Освен аспирациите на балканските држави спрема Македонија и една голема европска сила – Австро-Унгарија – имаше свои

планови спрема неа. Грчката влада исто така беше свесна дека големите сили нема лесно да дозволат статус-квото, постигнато со договорот од Берлинскиот конгрес во 1878 година, да биде нарушено. Затоа шансата за евентуалното територијално проширување кон Македонија официјална Атина ја гледаше во придобивањето на некоја или некои од големите сили. Во таа насока се и двата документа што овде ги приложуваме.

Првиот документ се однесува на текстот објавен во владиниот весник „Ора", кој ги одразуваше ставовите на владата на Трикупис, непосредно пред посетата на австроунгарскиот престолонаследник на Атина во март 1885 година. За таа пригода во спомнатиот весник било напишано дека од интерес на Виена било да ѝ биде дадена поддршка на Атина за добивање на Солун во замена за грчки гаранции за трговските интереси на Австро-Унгарија на Егејот. Овој напис не бил случаен. Имено, Грција уште од 1883 година настојуваше да воспостави поблиски врски со Виена со цел да ја добие австроунгарската поддршка за своите интереси, посебно во Македонија[1]. Иако Грција ова свое настојување го прикриваше зад словенската опасност по нејзините и австроунгарските интереси, сепак вистинската причина била стравот од можното излегување на дунавската монархија на Егејот токму преку Солун, со што грчките интереси, па и судбината на елинизмот во целост би биле доведени во прашање. Желбата и интересот на Грција за Солун многу добро ја опишал британскиот амбасадор во Атина, Николсон, со забелешката дека Трикупис целата иднина на Грција ја поврзува со добивањето на Солун. Сепак, не беше реално да се очекува Виена да ги поддржи грчките аспирации кон Македонија, затоа што Австро-Унгарија беше единствената европска сила која немаше колонии на другите континенти, а исто така на своите северни, источни и западни граници имаше силни и моќни соседи – Германија, Русија и Италија – и со тоа ширењето во тој правец беше невозможно. Остана единствено можноста за ширење на југ кон Солун, кон кого гледаше и Грција.

Вториот документ е од 1888 година и се однесува на можноста од грчко-руско приближување и постигнување на договор со можност Русија да ѝ помогне на Грција во добивањето на Македонија. Таквата мож-

---

[1] Види повеќе во:Κωνσταντινος Ι. Αιλιανος, Μια προοπτικη συμμαχιας Ελλαδος – Αυστρο–Ουγγαριας χορις επαυριο 1883–1887, Θεσσαλονικη, 1994, σ. 27–88.

ност на британскиот амбасадор во Атина лично му ја навестил грчкиот премиер Харилаос Трикупис. Сепак се поставуваат прашањата од каде произлегува таквата можност, дали таа била реална и дали Грците верувале во тоа. Промената на ориентацијата на бугарската надворешна политика ја доведе Русија во малку незавидна позиција. Имено Петроград, освен традиционалното влијание во Црна Гора, остана без влијание во ниту една балканска христијанска држава. Србија со конвенцијата од 1881 година беше целосно под влијание на Виена, Софија се ориентира кон Запад, а во Грција руското влијание од поодамна беше минимално. Сепак незадоволството на Атина од резултатите на бугарското обединување, без притоа Грција да добие компензација и мислењето на грчката влада дека Англија, главниот грчки партнер, сè повеќе се интересира за Бугарија беше можност Русија да направи обид за придобивање на Грција со ветување за поддршка на грчките аспирации. Такво навестување постоеше во почетокот на 1887 година, кога во Атина пристигнаа најави за руска поддршка на грчките интереси, иако конкретно ништо не беше официјализирано[2]. Во почетокот на 1888 година руската дипломатија пушти пробен балон со наводната нејзина подготвеност да ги поддржи грчките аспирации во јужна Македонија, при што таквата подготвеност воопшто не била криена, а божем и рускиот конзул во Солун, Јастребов, добил инструкции во таа насока[3]. Ваквиот став на руската дипломатија, без разлика дали бил искрен или не, сигурно му бил познат и на грчкиот премиер Трикупис, кој во својот разговор со британскиот амбасадор во Атина, и покрај настојувањето на последниов да го убеди дека би било подобро за Грција да седи понастрана и да продолжи со реформите во државата, останал на ставот дека Грција би можела да го добие Солун со руска помош. Притоа тој нагласил дека Грција немала каде, бидејќи постоела опасност по нејзините интереси од страна на австроунгарските апетити кон Солун, но и можноста градот и Македонија да потпаднат под словенска власт и со тоа Грците да бидат задушени од Словените, а Англија немала да се замеша во настаните. Иако Трикупис говорел дека Русија можела да го понуди Солун,

---

[2] Државен архив на Република Македонија, м-159,Athens, january 16, 1887FO 32/587.

[3] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 4, кн. 3, Белград, 1987, док. 3, с. 39.

тој со својата изјава индиректно го изразил своето неверување во таквата можност, при што на јасен начин ставил до знаење дека се надева на поголема англиска заинтересираност за грчките работи и аспирации, во конкретниов случај во Македонија. Тоа во еден свој подоцнежен извештај го потврдува британскиот амбасадор во Атина[4].

Во прилог ги даваме двата документа во целост,со напомена дека првиот документ е користен од Константинос Елианос во неговата книга Μια προοπτικη συμμαχιας Ελλαδος – Αυστρο–Ουγγαριας χορις επαυριο 1883–1887, но не е објавен.

*Документ 1*

Атина, 2 март 1885

До Гренвил,

Претстојната посета на австрискиот престолонаследник на Атина, му овозможи шанса на владиниот орган „Ора“ да дискутира за можните односи меѓу Австрија и Грција во поглед на Македонија и да се обиде да докаже дека во интерес на првата е да има поблиска соработка меѓу двете земји за зачувување на статус-квото. Грчката влада, за која многу силно се говори во овој весник, смета дека најдобра политика на Австрија би била да го поттикнува разбирањето со Грција и со тоа, во идните можни настани, таа би си ги обезбедила трговските интереси на Егејот, притоа оставајќи им го на Грците поседувањето на Солун и политичката доминација во Македонија.

Накратко, целта на грчката влада, по сѐ изгледа, е да ги натера Австријците да ги поддржат грчките аспирации во Македонија и да го прифатат тоа како компензација за нејзината помош за трговските погодности од големо значење.

Господинот Трикупис, од неодамна, е желен да ги изрази своите симпатии и добра волја за Грците во Македонија и македонскиот Силогос во овој град добива топли одобрувања од владата. Неговата главна желба е да се зачува статус-квото, зашто условите во армијата и во државата тоа го бараат како потреба. Сепак, секоја компликација во иднина

[4] ДАРМ, м-162, Rumbold-Salisbury, Athens, april, 21, 1888, FO 287/13.

во Југоисточна Европа, без никакво сомнение, би била зграпчена од негова страна за да ја оствари целта за која тој постојано работи. Неговата екселенција е толку убедена дека целата политичка и комерцијална иднина на Грција зависи од поседувањето на Солун, така што тој, кога ќе дојде моментот, би направил сè за да го добие тоа, доколку е на власт.

Николсон
(ДАРМ, м-30 FO 32/563)

*Документ 2*

Атина, 18 февруари 1888

До Хагард,

Во мојот вчерашен разговор со господинот Трикупис, за кој напомнав во моите две итни претходни телеграми, Неговата Екселенција дискутираше за европските состојби, кои влијаат врз Грција, со голема јасност и наклонет сум да верувам во неговата искреност.

Без да биде запрашан, тој самиот го сврте вниманието на предметот за можноста од приближување меѓу Русија и Грција, чијшто резултат би бил грчкото добивање на Македонија. Јас го запрашав како тоа би било направено. Тој рече дека ако Русија ја окупира и русизира Бугарија, тоа би било перфектно лесно. „Но“, јас го прашав, „да претпоставиме дека тоа нема да биде резултат на агресивна војна, што тогаш?“. Неговата Екселенција имаше проблем да одговори на прашањето, всушност тој не даде одговор и јас користејќи ја мојата предност, истакнав дека ако Грција ја соедини нејзината судбина со Русија, тогаш таа мора да размисли дека поразот е можен и треба да размислува какви би биле последиците од поразот. Никој не може нив подобро да ги разбере, отколку Неговата Екселенција. Можат ли шансите за добивка да бидат исти со оние од катастрофата? Неговата Екселенција одговори дека тоа е прашање од голема важност за нив и не било само територијалното проширување за што тие се грижеле, а тие би биле целосно задоволни, ако работите останат такви какви што се во моментот, но кога Македонија би излегла од турските раце, потребно би било за нивната национална егзистенција

таа да премине во рацете на Грција, зашто во спротивно би биле задушени од Словените и затоа е апсолутно неопходно за нив да добијат некоја помош од други, и дури, иако привремено да дојде до договор со Русија со цел да се обезбедат за секоја евентуалност. Јас му реков дека ми изгледа опасна играта на Грција, а тој одговори дека знае за тоа, но што можела да направи Грција. Австрија немала да ѝ помогне и силата на настаните царската и кралската влада може вистински да ја натераат да го присвои Солун за себе, како што тоа го направи со Босна и Херцеговина. Тоа би бил смртоносен удар за идната безбедност на Грција. Англија немала да се замеша, иако таа реално, заради нејзината поморска сила, била единствениот сосед од кој Грција можела да се „плаши". Грција морала да има сојузник, инаку би станала друга Србија, заградена од нејзините соседи. Јас забележав дека картата е контрадикторна на изјавата и најдобро би било за Грција, за да стане значајна и угледна, да продолжи по патот поставен од Неговата Екселенција, да ги консолидира финансиите, да го зголемува богатството и да добие важност која е доделена од поседувањето богатство; така, додека нејзините соседи се исцрпуваат во борбите, Грција би станала посилна и нејзиниот глас би можел да се слушне со ефект по војната.

Кога неговата Екселенција се задржа на територијата и погодностите кои Грција ќе, или би ги добила од Русија, јас не можев да не си припомнам на забелешката направена од страна на министерот за надворешни до амбасадорот на Нејзиното Височество, по предметот на негирањето на Неговата Екселенција дека тој користел јазик што јас сум му го припишал нему околу понудите на Русија, како што приватно Ве извести Сер Хорас Рамболд – кога Неговата Екселенција, со намера да покаже дека било невозможно тој да ги користел, беше запрашан „Што Русија би можела да ѝ даде на Грција?", Трикупис сега одговори – Солун и Македонија.

Во меѓувреме јас сум на мислење – поделено со германскиот и австрискиот амбасадор, дека Трикупис ја кажува вистината кога вели дека Грција сè уште на никаков начин не е поврзана со Русија, а дали таа тоа може да го направи е друга работа, но таа тоа би го сторила зашто мисли дека не би можела да добие поддршка од некој друг, а притоа целосно е свесна за опасностите пред неа. Како што Трикупис рече: „Кога времето ќе дојде, ние ќе мора да ја искалкулираме цената и опасноста."

Тој забележа, околу доаѓањето на Нелидов, дека тој лично смета оти можно е тој да доаѓа за да поразговара и уште поизвесно Султанот (да направи притисок врз неговото царско Величество) да помисли дека Русија имала спогодба со Грција. Ова се согласува со заклучните параграфи на тајната телеграма бр. 36. на Сер В. Уајт од 31 јануари. Изгледа дека Нелидов минатото лето му рекол на кралот Георгиос дека тој тука ќе дојде оваа пролет. Тој, без сомнение, а јас само замислувам дека ќе направи сè за да ги обмами и заслепи Грците, и може да даде или да ги повтори позитивните понуди, но јас претпоставувам дека тие мора да бидат од дефинитивна и корисна природа да се натера Грција да си ги врзе своите раце и така да ја затвори вратата за сите можни понуди од претпоставени извори.

Хагард
(ДАРМ, м-162, FO 287/13)

**Клучни зборови:** аспирации, Грција, Солун, Македонија, Англија, Русија.

## SUMMARY

Dalibor JOVANOVSKI

## TWO BRITISH DOCUMENTS ABOUT THE ATTEMPTS OF THE GREEK GOVERMENT DURING THE EIGHTEES OF THE XIX CENTURIES TO GET SUPPORT FROM SOME OF THE GREAT POWERS FOR ACCOMOPLISHING OF HERS ASPIRATIONS IN MACEDONIA

This supplement deals with the attempts of the Greek government to acquire support from some of the Great Powers to realize her aspirattions in Macedonia. Accordnig the agreement with Turkey from 1881, Greece have acquired Thessaly and thus got common border with Macedonia. Despite the fact that Greece, in that time, was more interested about Crete, it is worth to note that tha greek government did not neglect its interest in Macedonia, which was one of the most wealthy ottoman provinces. In the same time it was obvious that Greece could not achive its aspirations in Macedonia without support from some of the Great Powers. That was the result of the current situation, not only in Macedonia, but about South East Europe as whole. Owing to the aspirations of the small Balkans nations, the possibility for some kind of alliance was unrealizable. Greek were,also, concerned with the probability of Austro-Hungarian penetration towards Salonica. That was, one of the main reason, for the striving of the Greek government to make some understanding with Vienna about getting hers support for Greek aspiration in Macedonia. As a compensation for Austrian support, Greek government was prepared to guarantee Austrian economical interest in the region of Aegean sea. That was unfeasible because Austro-Hungary was the only one European Great Powers which did not have colonies. While in the same time there were Italy, Germany and Russia on hers border that prevented any possibility about territorial enlargement in Central Europe. At the beginning of 1887 there were rumors about the possibility of understanding between Greece and Russia. Saint Petersburg, allegedly, offered to Greece support in Macedonia. Greek government utilized such opportunity to inform the British ambasador in Athens about the possible greco-russian alliance which could provide Salonica to Greece. Tricoupis, as a experienced politician, did not beilive in greco-russian alliance. Actually he intended, with the rumors about the alliance, to make British government more interested about the greek aspirations, in this case, in Macedonia.